


Проект: „Другата страна на Пелистер - Поинакви Пелистерски Викенди"

Партнер:
Национален Парк „Пелистер"

Финансиран од:
Проект за зачувување на планината Пелистер

Ротино се наоѓа на десетина километри од Битола во подножјето на планината Баба и врвот Пелистер.
До ротино може да се стигне преку Ресен и Битола, при што се исклучувате од регионалниот пат Прилеп - Охрид и се оди кон Ротино.
Во близина на Ротино се селата: Трново, Магарево, Цапари, Маловишта.
Хотелот Моликае на само 40 минути пеш од Ротино.

ЗОРа ПЕЛИСТЕР
с. Ротино
тел.: 047 / 281 157
моб.: 070 / 960 390
е-пошта: zora.pelister@gmail.com
е-страна: www.rotino.net

здружение за одржлив развој
ПЕЛИСТЕР



# РОТИНО

# ДРУГАТА СТРАНА НА ПЕЛИСТЕР

Сте ја слушнале ли изреката,
***„Пелистер само од Ротино изгледа како Пелистер"***

Ве чекаме да ја потврдите изреката,
Ве очекуваме секој момент!

Како Росица распослана на голем зелен лист, така селото Ротино, чие име потекнува токму од зборот „росица“, се наоѓа во прегратките на гордиот Пелистер. Иако сите ги знаат или слушнале за убавините на Пелистер и веќе популарните пелистерски села, сепак Ротино лежи на една неоткриена страна на Пелистер, на „Другата страна на Пелистер“. Тука традицијата опстојува, животот се живее во склад со природата. Ротино како село е единствено место во регионот кое работи на полето на органското земјоделие и традиционалното производство. Многу убавини кои ги има во Ротино базирани на традиционалниот живот нема да ги сретнете во другите села кои се популарни меѓу туристите. Ротино е неистражен дел на Пелистер, Ротино е другата страна на Пелистер.





Ротино е единствено!
Времето оставило белег уште од римското доба преку римските населби и патот Виа Игнација кои се во близина.
Локалните цркви, манастирот, селската архитектура е она што на Ротино му даваат безвременост.
Но, она што е ексклузивно и единствено за Ротино, тоа е природата и неа ви ја нудиме без резерва.
Над Ротино се простира Националниот Парк „Пелистер“ - вистински бисер на Република Македонија.
Ротино е единствено село над кое во целост се простира појас со ендемичниот петолистен бор - Молика.
Во овој дел под Пелистер има исклучителна флора и фауна, во која може секој да ужива секој ден, и лете и зима.
Она што не можеме да ви го кажеме, треба да го видите бидејќи една слика заменува илјада зборови.

Како и секое друго место, Ротино изобилува со свои специјалитети и традиционални јадења.
Разните зелници, мазници, ѓомлезето, млечникот заедно со потквасот, биеното сирење и маштеницата ќе ве изненадат со прекрасните хармонични вкусови. Разните салати и чорби, карактеристични за овој предел нема да ве остават рамнодушен, исто така и одличната јаболкова ракија. Посебен специјалитет се оние јадења подготвени од познатиот ротински компир - леб од компир, компир во шутка и други јадења.
Јаболката, оревите, лешниците и соковите од шумските плодови ќе ве изненадат со својот вистински вкус.
За крај благиот мазник од орев и јаболко и прочуеното колач со цреши ќе ве натераат секогаш кога ќе помислите на слатко да мислите на Ротино.

